РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.НС.002.02

# НАСОКА ЗА НАЧИНОТ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗАПОЧНАТИ ВО СТАРИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИИ ВО НОВИОТ СИСТЕМ

Август 2019

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 06.08.2019 | Прво издание | / | / |
| 2 | 27. 08. 2019 | Второ издание | измена | Поднаслов 13.4.1 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), директорот на Царинската управа донесе

# НАСОКА ЗА НАЧИНОТ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗАПОЧНАТИ ВО СТАРИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИИ ВО НОВИОТ СИСТЕМ

## I. Општи одредби

1. Цел на оваа насока е појаснување за начинот на завршување на постапките започнати во стариот систем за обработка на царински декларации (во понатамошниот текст АСИКУДА) и спроведување на постапките во новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст СОЦДАД).

2. Сите извозни царински декларации започнувајќи од 01.06.2019 година се поднесуваат во СОЦДАД. Сите увозни царински декларации од 03.07.2019 ќе се поднесуваат во СОЦДАД. Единствен исклучок се увозните деклрации во испоставите ЦИ Куманово и ЦИ Струмица кои ќе започнат да се поднесуваат на 17.06.2019 година.

3. Дополнителните декларации за локално царинење увоз и извоз независно од рокот определен во одобрението треба да се поднесат најдоцна до 31.05.2019 (за EXG), односно 02.07.2019 (за IMG). За ЦИ Куманово и ЦИ Струмица дополнителните декларации треба да се поднесат најдоцна до 15.06.2019. Доколу поради некоја причина дополнителните декларации се поднесуваат после претходно наведените рокови, во АСИКУДА треба да се евидентираат како да се поднесени на 31.05.2019 (за извоз), 15.06.2017 (за увоз во ЦИ Куманово и Струмица) односно на 02.07.2019 година (за увоз).

4. Декларациите претходно обработени во АСИКУДА нема да се мигрираат во СОЦДАД.

5. Декларациите прифатени (регистрирани) во стариот систем АСИКУДА, се завршуваат (утврдуваат и книжат, а доколку има потреба и раздолжуваат) во АСИКУДА и Бордер.

6. Доколку декларациите што се поднесуваат во СОЦДАД се поврзани со претходна декларација, односно раздолжуваат постапка претходно спроведена во АСИКУДА, не се пополнува рубриката претходен документ. Раздолжувањето на претходниот документ се врши рачно во АСИКУДА.

7. Сите важечки одобренија издадени од Царинската управа, а се поврзани со царински постапки, треба да бидат претходно внесени во СОЦДАД.

8. Новите барања за одобрение или барања за измена или дополнување на одобрение поврзани со царинска постапка, освен по редовен пат на хартија, имателите на одобренијата или нивните застапници ги поднесуваат и по електронски пат преку СОЦДАД.

## II. Начин на завршување на постапките во стариот и поднесување на декларации во новиот систем

9. Извоз

Декларациите за извоз, се поднесуваат во СОЦДАД, согласно сите правила наведени во делот I и Упатството за спроведување на извозна постапка со примена на СОЦДАД[1].

10. НКТС Транзит

Сите транзитни операции во НКТС продолжуваат да се спроведуваат во НКТС. Од 03.07.2019 година, по завршувањето на транзитот во НКТС во царинските испостави за стоково царинење наредната постапка се спроведува без заведување на „пријава" во МОДЦАР во АСИКУДА, односно количината од НКТС транзитот се раздолжува со наведување на РБД на транзитот во следната царинска декларација како претходен документ согласно Појаснувањето на начинот на пополнување на рубрика 40 – Претходен документ, објавено на следниов линк, на нашата веб страна:

[1] Упатство за спроведување на извозна постапка со примена на СОЦДАД, како интернен документ е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

http://customs.gov.mk/index.php/mk/e-carina/socdad-mk/socdad-teh-dok-mk

11. Транзит со ТИР

Сите транзитни операции со ТИР продолжуваат да се спроведуваат како и досега, односно започнување на транзитната постапка ќа се евиденитра во АСИКУДА, а завршување на постапката ќе се евидентира во Бордер.

12. Транзит со Товарен лист ЦИМ

Завршување на Транзитните операции со Товарен лист ЦИМ не треба да се евидентира во Бордер. По доставување на Товараниот лист ЦИМ увозникот може да избере една од следниве можности:
- да поднесе збирна декларација за привремено чување на стока;
- да поднесе декларација за царинско складирање или
- да поднесе увозна декларација.

Доколку увозникот не располага со одобрение за привремено чување во тој случај при поднесување на збирна декларација за привремно чување се наведува дека стоките се на царински терминал на слениов начин:




Доколку се поднесува декларација за царинско складирање задолжитено се внесува податок за број на одобрение за царинско складирање и податок за шифра на складот.

Доколку се поднесува увозна декларација во групата на податоци Приложени документи (рубрика 44) се внесуваат подататоци за сите товарани листови со користење на шифрата 5014 и наведување на бројот на товарниот лист. Во оваа група можат да се наведат повеќе товарни листови. Податоците за товарните листови се внесуваат на следниов начин:







## 13. УВОЗ

При спроведување на увозните постапки и начинот на нивно завршување, потребно е да се имаат во предвид следниве ситуации:

### 13.1 Привремено чување

При спроведување на привременото чување, збирните декларации кои се веќе во Асикуда нема да мигрираат во СОЦДАД. Привременото чување завршува со поднесување на царинска декларација во СОЦДАД во предвидениот рок за завршување на привременото чување. Во царинската деларација не се внесуваат податоци за претходниот документ.

Доколку не се раздолжат збирните декларации во АСИКУДА во првично одобрениот рок, потребно е за секоја збирна декларација од стариот систем пред истекот на рокот да се поднесе нова збирна декларација за привремено чување во СОЦДАД за преостанатата количина.

Во двата случаи остатокот од збирната декларација се раздолжува рачно во АСИКУДА со повикување на РБД бројот од декларацијата во СОЦДАД.

### 13.2 Пуштање во слободен промет

Декларациите за пуштање во слободен промет, се поднесуваат во СОЦДАД, согласно сите правила наведени во делот I и Упатство за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци[2].

### 13.3 Поедноставени постапки

Декларациите за поедноставени постапки – локално царинење за извоз се поднесуваат во СОЦДАД од 01.06.2019 година. Декларациите за поедноставени увозни постапки се поднесуваат во СОЦДАД од 03.07.2019 година, со исклучок на ЦИ Куманово и ЦИ Струмица во кои се поднесуваат од 17.06.2019.

За декларации за поедноставени постапки – локално царинење при увоз и извоз не се поднесуваат дополнителни декларации.

### 13.4 Постапки со економски ефект

#### 13.4.1 Царинско складирање

Сите иматели на одобренија за царинско складирање, односно корисниците на складовите се задолжени најдоцна до 30.09.2019 година да поднесат нови декларации за царинско складирање во СОЦДАД за стоката што се наоѓа во царинскиот склад, а за која постапката во меѓувреме на е завршена.

#### 13.4.2 Увоз / извоз за облагородување

Декларациите со кои започнале постапките на увоз за облагородување и извоз за облагородување во АСИКУДА не се мигрираат во новиот систем. Како и до сега, завршувањето на постапката се следи преку соодветните извештаи за

[2] Упатство за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци, како интернен документ е објавен во Депозитарот согласно Прецедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

раздолжување. Декларациите за завршување на постапките се поднесуваат во СОЦДАД.

### 13.4.3 Привремен увоз/ извоз

Декларациите со кои започнале постапките на привремен увоз и привремен извоз во АСИКУДА не се мигрираат во новиот систем. Како и до сега, завршувањето на постапката се следи преку соодветните извештаи за раздолжување. Декларациите за завршување на постапките се поднесуваат во СОЦДАД.

### 13.5 Одложено плаќање

Декларациите со Одобрение за одложено плаќање на царински долг поднесени во АСИКУДА ќе завршат во стариот систем за наплата. При тоа уплатите се вршат и налозите за плаќање се пополнуваат согласно стариот начин на пополнување.

За декларациите за пуштање во слободен промет со издадено Одобрение за одложено плаќање на царински долг поднесени во СОЦДАД се применуваат сите чекори пропишани за СОЦДАД. При тоа уплатите се вршат и налозите за плаќање се пополнуваат согласно новиот начин на пополнување.

## III. Раздолжување на гаранции задолжени со декларации во АСИКУДА

14. Раздолжување на гаранциите кои се употребени за задолжување во АСИКУДА, треба во форма НАПЛАТА да се раздолжат како ОТПАД, се означува полето отпад и во полето број се внесуваат 11 цифри од испостава до претпоследниот карактер од РДБ(МРН) бројот, во спротивно системот ќе појави грешка при раздолжување. На пример од РДБ(МРН) бројот 19MKIM**2010000FA16**1 се впишува со копирање само на делот што е во болд. На тој начин ја има испостават и бројот на декларацијата, без последниот контролен број од РДБ (МРН) бројот. Во полето износ се впишува износот и се клика на полето ОК. Со тоа во стариот систем за раздолжува износот кој е завршен со декларација во СОЦДАД.




## 15. Гаранции и депозити

### 15.1 Гаранции за обезбедување на царински долг

Сите гаранции се внесуваат во СОЦДАД од страна на вработените од Одделението за наплата на приходи, при што без оглед на задолженоста во стариот систем, како почетен износ се внесува во целост референтниот износ на гаранцијата.
Дополнителнително се следи раздолженост на гаранцијата и во стариот систем.

### 15.2 Готовински депозит

Готовинските депозити не се мигрираат во СОЦДАД.
Постапката со сите готовински депозити завршува во стариот систем за наплата согласно насоките што важат за истиот.

## III. Завршни одредби

16. Одговорни за спроведување на оваа насока се сите организациони единици во Царинската управа.

17. Надлежни за предлагање на измени и дополнувања на оваа насока се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

18. Сите непосредни раководители се должни со оваа насока да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

19. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии, е должен веднаш по потпишувањето на оваа насока,

истата да ја направи достапна до сите вработени во Царинската управа, согласно Процедурата за депозитар на документација[3].

20. Секое постапување спротивно на оваа Насока ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

21. Со донесување на оваа Насока престанува да важи Насока за начинот на завршување на постапките започнати во стариот систем за обработка на царински декларации и поднесување на декларации во новиот систем бр. 01-057971/19-0001 од 06.08.2019

22. Оваа насока стапува на сила со денот на нејзиното потпишување.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01-057971/19-0005
Скопје, 26.08.2019г.

27. 08. 2019

---

[3] Процедурата за депозитар на документацијата како интерен акт е објавена во Депозитарот на документацијата на Царинската управа.

Насоката ја подготви: Сектор за царински систем

Приматели: Заменик директор
Советници на директорот
Помошници директори на сектори
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за: Интерна употреба

Оригиналот се чува во: Сектор за царински систем
Архива